ИП

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100

www.crm.com.mk

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-1220/1
03-11 2023 год
СКОПЈЕ

# ПОЛИТИКА НА ИНТЕГРИТЕТ НА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

# ДПОЛ017

ИП

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100

www.crm.com.mk

**Политика на интегритет на Централен регистар**
**ДПОЛ017**

| Верзија | Датум | Подготвено од: | Краток опис на промените |
|---|---|---|---|
| Прва (1) | 03.11.2023 | ОПРМ | Нова регулатива согласно планот и мерките за спречување на корупција во ЦР за 2023 година |

## 1. ВОВЕД

Централен регистар на Република Северна Македонија има воспоставено интегриран менаџмент систем и е сертифицирана институција согласно следните меѓународни стандарди: ISO 9001 Стандард за квалитет, ISO 14001 Заштита на животната средина; ISO 45001 Здравје и безбедност при работа, ISO 27001 Безбедност на информации, истовремено ги има имплементирано важните политики за работата на институцијата: Политика за квалитет; Политика за животна средина, Политика за здравје и безбедност при работа и Политика за управување со систем за безбедност на информации, Политика - Кодекс на етика.

Со цел утврдување и анализирање на релевантните ризици кои можат негативно да влијаат на остварувањето на целите на институцијата, нивно вреднување, рангирање и одредување на одговори на ризиците, односно воспоставување на контроли, во Централен регистар донесена е Методологија за управување со ризици, Алатка за оценка на ризици и План за справување со ризици, во кои покрај останатите видови на ризици во одреден дел се опфатени и ризиците од корупција. Создавањето на овој план е иницирано од Централен регистар, Извештајот за напредокот на Република Северна Македонија од Европската комисија и Националната Стратегија за спречување на корупцијата и судир на интереси 2021 – 2025 година и има за цел да дефинира мерки за институцијата за елиминација на

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. J. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

активности кои можат да содржат коруптивни елементи при нивното спроведување, а кои можат да имаат далекусежни последици.

Централен регистар на Република Северна Македонија (ЦРРСМ), поаѓајќи од заложбите за обезбедување почитување на уставноста, законитоста, непристрасноста, одговорноста, етичноста, професионалниот интегритет, транспарентноста и заштитата на човековите слободи и права, ја изготви и усвои оваа Политика на интегритет.

Зајакнувањето и подигнувањето на интегритетот е заедничка мисија и одговорност на сите институции во системот и на сите нивоа на власт.

## 1.1 Цели на Политиката на интегритет

ЦРРСМ го прифаќа интегритетот како темел на доброто управување и стратешки и одржлив одговор на корупцијата. Интегритетот е од суштинско значење за економскиот, социјалниот и општествениот просперитет. Целта на оваа политика е да се промовира интегритет на ниво на јавна институција, како основа на етичко однесување, отпорност кон корупција, создавање на услови на општествен развој, создавање и сочувување на свој углед и обезбедување на доверба на граѓаните.

Под интегритет се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи, со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

Политиката на интегритет го промовира интегритетот како темел на доброто управување и стратешки и одржлив одговор на ризиците од корупцијата.

Преку примена на Политиката на интегритет, ќе се придонесе кон спречување и елиминирање на можностите за појава на различни форми на корупција и неетичко однесување во рамките на институцијата.

## 1.2 Целна група

Овој документ е наменет за сите вработени, корисници на услугите - правни и физички лица, деловни партнери и други поединци заинтересирани страни како и сите надворешни соработници кои работат во име и за сметка на Централен регистар.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

## 2. РЕФЕРЕНЦИ

### 2.1 Релевантни документи

- Политика за интегритет за државните органи и институциите од јавниот сектор
- Годишен план за спречување на корупција на ЦРРСМ
- ДПОЛ010 Кодекс на етика
- Прирачник за лицата за интегритет
- ДПОЛ004 Политика за квалитет
- ДД039 Методологија за управување со ризици
- ДД046 Директива за влез (пријавување во работен однос и вклучување на вработените во работниот процес), движење (унапредување и мобилност на вработените) и излез (престанок и одјава на работниот однос) на вработени во ЦР
- ПР 123-06-01 Процедура за регулирање на процесот на јавни набавки
- ДД035 Директива за користење и одржување на службени возила во Централен регистар
- ДПОЛ 016 Политика за управување со систем за заштита на лични податоци

### 2.2 Кратенки и дефиниција на термини

**ЦРРСМ** – Централен регистар на Република Северна Македонија
**ДКСК** - Државна комисија за спречување на корупција
**Лице за интегритет** - Лицето за интегритет е контакт точка што ја олеснува комуникацијата меѓу ДКСК и ЦРРСМ, за начинот и динамиката на спроведувањето на системот за интегритет, односно стандардите на интегритет. Тоа треба да поседува соодветни професионални компетенции и морални карактеристики, како и личен интегритет и вештини: комуникација, преговарање, разрешување конфликти, иницијативност, организација, дискреција, упорност, интерес и мотивација да ја врши оваа функција, високо ниво на професионална етика, вештина за развивање и имплементација на конкретна практика и за наметнување промени кога тоа е потребно.
**Интегритет** - законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.
**Корупција** - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100

www.crm.com.mk

**Судир на интереси** - состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.
**Корист** - остварување на секој вид материјална или нематеријална, придобивка, погодност или предност за себе или за друг.
**Јавен интерес** - заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.
**Ризик од корупција** - кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.

## 3. ГЛАВЕН ДЕЛ

### 3.1 ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ОДНЕСУВАЊЕ И НАСОКИ ЗА ПРИМЕНА НА ПОЛИТИКАТА НА ИНТЕГРИТЕТ

Вработените во Централен регистар треба да ги извршуваат своите работни задачи согласно Законот за Централен регистар и Колективниот договор како и другите закони и акти поврзани со работата на Централен регистар.

Делувањето согласно важечкото право како и со интерните правила и акти на Централен регистар претставува еден од основните принципи на однесување на вработените.

Професионалноста, чесноста, совесноста и лојалноста треба да се главни принципи на однесување на вработените, со цел поуспешно остварување на активностите и функциите и одржување на угледот на Централен регистар.

Прифаќајќи ја Политиката на интегритет, ЦРРСМ се обврзува на:

(А) воспоставување систем на интегритет во институцијата,

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100

www.crm.com.mk

(Б) спроведување и поддршка на системот за интегритет
(В) следење и известување за примената на системот за интегритет

ЦРРСМ ги запознава со својата Политика на интегритет и припадниците на приватниот сектор, граѓанското општество и граѓаните, барајќи од нив, како партнери во процесот, да ги почитуваат поставените вредности и стандарди во односите со државните органи и институциите од јавниот сектор.

**А. Воспоставување систем за интегритет**

Системот за интегритет е воспоставен на начин да овозможи ЦРРСМ да работи и да ја извршува својата надлежност почитувајќи ги законите и согласно највисоките етички стандарди.
За таа цел преку системот за интегритет се овозможува и се усогласува спроведувањето на законите, етичките кодекси и политиките создавајќи рамка и функционални механизми за заштита на интегритетот.

Системот за интегритет почива на следните елементи кои претставуваат своевидни стандарди за интегритет:

- Заштита на јавниот интерес и спречување на судирот на интереси;
- Почитување на етичкиот кодекс кој е релевантен за позицијата на вработените;
- Управување со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации;
- Наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси;
- Транспарентност и пристап до информациите од јавен карактер;
- Заштитено пријавување од укажувачи
- Управување со квалитет

**<u>Заштита на јавниот интерес и спречување на судирот на интереси</u>:** ЦРРСМ и неговите вработени се обврзуваат дека во своето работење ќе му даваат приоритет на јавниот над приватниот интерес и дека ќе поттикнуваат и развиваат организациска култура која не толерира судир на интереси и во која индивидуалната одговорност и личниот пример се основа за доброто управување.

За да овозможи ефикасно управување со судирот на интереси, во ЦРРСМ се спроведува постапка за јасна идентификација и декларирање на личните интереси, се утврдуваат јасни правила за очекувањата од вработените кога постои ризик од судир на интереси, се обезбедува транспарентност во процесот на решавање на ситуациите во кои се појавува судир на интереси и се развиваат механизми за следење на примената на правилата за превенција на судирот на интереси.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Интегритетот на донесените одлуки од страна на вработените не смее да биде загрозен од политичките, етничките, материјалните, кариерните, роднинските или други лични интереси и приоритети во одлучувањето.

Вработените не треба да бараат и да прифаќаат каков било облик на незаконска корист која може да се очекува дека ќе влијае на извршувањето или воздржувањето од извршувањето на нивните обврски и овластувања.

Според ДПОЛ010 Кодекс на етика, вработените се должни да избегнуваат ситуации кои создаваат судир на интереси. Судир на интереси постои кога приватниот интерес (материјален или нематеријален) на вработениот влијае врз неговата непристрасност при вршење на работата, да го отежнува и одолговлекува правилното, објективно и целосно завршување на работите и работните задачи поради постоење на лични интереси и интереси на блиските лица (лицата во брачна или вонбрачна заедница со вработениот, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврти степен, посвоителот и посвоеникот, роднините по сватовство до втор степен).

Вработените мора да ги отфрлат или ограничат влијанијата на приватниот интерес кои што можат да ги компромитираат одлуките во чие донесување учествуваат. Во случаи кога тоа не е можно, вработениот мора да се воздржи од учество во процесот на донесување на одлука која може да биде компромитирана од неговиот приватен интерес или врски.

Вработените мора да ја прифатат одговорноста за идентификација и решавање на судирот на интереси во корист на јавниот интерес секогаш кога ќе дојде до судир на интереси.
Кога вработениот ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси, должен е да даде изјава и да побара да биде изземен и да запре со своето постапување.
Прикривањето на постоење на приватен интерес од страна на вработениот претставува повреда на должноста и е основа за преземање на мерки за соодветна одговорност.

Вработените не смеат да вршат никаква дејност која може да влијае на непристрасното извршување на работата. Вработениот не треба да стекнува корист од професионалните врски или истите да ги користи за неговиот интерес.

Вработените не смеат да ги користат доверливите информации до кои имаат пристап заради извршување приватни финансиски трансакции, без оглед дали тоа го прават директно или индиректно преку трети лица, за своја сметка и на свој ризик или за сметка и на ризик на трето лице.

**<u>Почитување на етичкиот кодекс кој е релевантен за позицијата на вработените:</u>**
Вработените во ЦРРСМ се должни да го почитуваат ДПОЛ010 Кодексот на етика, чија цел е да се промовира професионалност, заштита на јавниот интерес, отчетност, одговорност, непристрасност, недискриминација и политичка неутралност.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100

www.crm.com.mk

ЦРРСМ развива механизми кои овозможуваат доследно да се следи почитувањето на етичкиот кодекс од страна на вработените. За областите кои се нагласено подложни на корупција, како што се јавните набавки, ЦРРСМ ПР 123-06-01 Процедура за регулирање на процесот на јавни набавки..

Целта на Кодексот на етика е да прикаже како институцијата го спроведува своето функционирање на етички и социјално одговорен начин. Оваа политика се однесува глобално на сите наши активности.

Согласно Кодексот на етика, вработените не смеат да примаат ниту да бараат подароци или друга корист поврзана со извршувањето на работните задачи кои се нивна должност. Доколку им се понуди подарок или друга корист, тие се должни да ја одбијат таквата понуда и без одложување да пријават до својот раководител. Вработените може да примаат протоколарни и повремени подароци од пониска вредност што не ја надминува вредноста утврдена со закон или друг акт на државата.

Прашања околу примената или толкувањето на овој Кодекс на етика и однесување или потенцијални повреди на неговите одредби треба да се пријават кај претпоставените. Секоја практика или однесување кои не соодветствуваат со овој Кодекс мора да се поправат, а во сериозни случаи ќе се преземат мерки. Нема да има неповолни последици за оние вработени кои ќе ги пријават потенцијалните повреди на овие правила.

**Управување со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации:**
Интегритетот се промовира како дел од управувањето со човечки ресурси во ЦРРСМ. Вработувањата се транспарентни по пат на јавен оглас, со однапред утврдени критериуми и со развиени политики кои овозможуваат вработувања и унапредувања врз основа на заслуги и квалификации и оневозможуваат партиски влијанија, непотизам и кронизам. Управување со човечки ресурси во ЦРРСМ е согласно Закон и интерна регулатива ДД046 Директива за влез (пријавување во работен однос и вклучување на вработените во работниот процес), движење (унапредување и мобилност на вработените) и излез (престанок и одјава на работниот однос) на вработени во ЦР.

Во ЦРРСМ се идентификувани работните позиции кои се особено ранливи на корупција и за нив се предвидуваат посебни обврски во однос на заштитата на интегритетот. Потребно е доследно да се почитуваат некомпатибилноста, забраните и ограничувањата својствени за работата во јавниот сектор.

**Наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси:** ЦРРСМ демонстрира отвореност, отчетност и инклузивност во дефинирањето на буџетските приходи и расходи водени од целта да го задоволат јавниот интерес и континуирано да ги подобруваат услугите за граѓаните.

ИП



Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

ЦРРСМ се обврзува дека договорите за јавни набавки, јавно приватно партнерство, доделување концесии на државни ресурси, закуп и продажба на државен имот и земјиште итн., ќе ги склучува низ транспарентни процедури кои овозможуваат еднаков третман и конкуренција на заинтересираните учесници (ПР 123-06-01 Процедура за регулирање на процесот на јавни набавки).

Во рамки на промовирање на транспарентност и одговорност, ЦРРСМ има изработено и ДД035 Директива за користење и одржување на службени возила во Централен регистар, со која се утврдува начинот и условите на користење, употреба и одржување на службените возила.

**Транспарентност и пристап до информации од јавен карактер:** ЦРРСМ обезбедува вистинити, соодветни, навремени и целосни информации на граѓаните и правните лица, притоа почитувајќи го правото на приватност и заштитата на личните податоци (ДПОЛ 016 Политика за управување со систем за заштита на лични податоци).

ЦРРСМ се стреми кон високо ниво на активна транспарентност, односно објавува што е можно повеќе информации на својата веб-страница и демонстрира подготвеност неговото работење да биде ставено на јавен увид и контрола.

Вработените не смеат да ги користат информациите со кои располагаат во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.
Транспаретноста и отчетноста на институциите се основа за развој на демократијата и владеење на правото.
Подигнувањето на свеста на јавноста за важноста од јакнење на интегритетот на институциите и користењето на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во борбата против корупцијата се меѓу главните цели на политиката на интегритет.
Законот за слободен пристап до информции од јавен карактер е исклучително важна антикорупциска алатка и неговата примена е важна и од аспект на борбата против корупцијата и јакнењето на интегритетот на институциите.

**Заштитено пријавување од укажувачи:** Овозможувањето на укажувачите да пријавуваат недозволиво или незаконито постапување не стравувајќи од последици, претставува еден од столбовите за успешна превенција, откривање, истрага и санкционирање на ваквите постапувања со кои се загрозува работењето на институцијата.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100

www.crm.com.mk

Во ЦРРСМ постои процедура за заштитено пријавување и има назначено овластено лице за прием на пријави од укажувачи. Со процедурата за заштитено пријавување и со овластеното лице за заштитено пријавување треба да се запознати сите засегнати страни.

<u>**Управување со квалитетот:**</u> ЦРРСМ воспоставува систем на работење преку кој постојано се унапредува работењето и процесите, се намалуваат ризиците и трошоците, а се подобрува мотивираноста на вработените и се следат вкупните резултати од работењето.

Унапредувањето на испораката и подобрувањето на квалитетот на услугите се врши преку одговорно планирање, управување и реализација на процесите и промовирање култура на извонредност на јавната администрација. Централен регистар на Република Северна Македонија го поддржува Системот за Управување со Квалитет согласно барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2015, Заедничката рамка за процена – ЦАФ, ISO 14001 Заштита на животната средина; ISO 45001 Здравје и безбедност при работа, ISO 27001 Безбедност на информации, истовремено ги има имплементирано важните политики за работата на институцијата: Политика за квалитет; Политика за животна средина, Политика за здравје и безбедност при работа и Политика за управување со систем за безбедност на информации, Политика - Кодекс на етика.

**Б. Спроведување и поддршка на системот за интегритет**

За да се овозможи ефикасно спроведување на системот за интегритет, ЦРРСМ е посветена на градење на капацитетите и поддршка на сите службени лица во процесот на исполнување на обврските кои произлегуваат од стандардите за интегритет во насока на законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работните задачи.

Раководните структури во ЦРРСМ се одговорни за воспоставување и спроведување на системот на интегритет, како и за нивна промоција преку своето лично однесување и со преземање мерки за колективна прифатеност на Политиката на интегритет и придржување кон истата од страна на вработените.

Градењето на капацитетите се одвива преку редовна едукација на вработените за соодветна примена на стандардите за интегритет по пат на обуки, како и со овозможување на советување за сите дилеми кои можат да се јават кај вработените во секојдневното работење.

За да обезбеди ефикасно спроведување на системот за интегритет, ЦРРСМ назначува лице за интегритет.

ЦРРСМ ги идентификува ризиците од корупција и истите редовно ги проценува и следи. Соодветно на тоа се преземаат и мерки за надминување на ризиците кои го загрозуваат интегритетот на институцијата.

**В. Следење и известување за примената на системот за интегритет**

ЦРРСМ овозможува двостепен систем на следење на примената на системот за интегритет, на ниво на самата институција, и од страна на надлежната институција - Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК).

Целта на следењето на системот за интегритет во ЦРРСМ е да се утврди ефикасноста на применетите политики и процедури кои овозможуваат доследна примена на стандардите за интегритет, како и за мерење на резултатите од применетите мерки за намалување на ризиците од корупција. Процесот за следење и известување за примената на системот за интегритет го координира лицето за интегритет. ЦРРСМ спроведува и внатрешни контроли за проверка на примената на стандардите за интегритет преку вклучување на внатрешната ревизија.

ЦРРСМ се обврзува на соработка со ДКСК овозможувајќи ѝ да го следи спроведувањето на системот за интегритет. За таа цел ЦРРСМ се обврзува на точно, редовно и навремено информирање на ДКСК за сите активности преземени во насока на примена на системот за интегритет, како и за спроведување на добиените насоки, препораки и укажувања од страна на ДКСК во однос на јакнење на интегритетот во институциите.

## 4. ОВЛАСТУВАЊА И ОДГОВОРНОСТИ

**Лице за интегритет** го координира процесот за следење и известување за примената на системот за интегритет.

**ЦРРСМ** ги идентификува ризиците од корупција и истите редовно ги проценува и следи. Соодветно на тоа се преземаат и мерки за надминување на ризиците кои го загрозуваат интегритетот на институцијата. Се обврзува на соработка со ДКСК овозможувајќи ѝ да го следи спроведувањето на системот за интегритет.

**Вработените** не смеат да ги користат информациите со кои располагаат во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100

www.crm.com.mk

## 5. ПРИЛОЗИ

Нема прилози.

## 6. РИЗИЦИ

- Ризик од загрозување и нарушување на интегритетот на институцијата
- Ризик од нарушување на имиџот на институцијата
- Ризик од нарушување на интегритетот на службените лица при вршење на работните задачи
- Непочитувањето на начелата на Политиката на интегритет е ризик од корупција
- Остварување на корист за себе или друг претставува штета за институцијата
- Ризик од појава на судир на интереси во случај на непочитување на одредбите од политиката за интегритет
- Неследливост и непримена на системот за интегритет е ризик од непреземање мерки за надминување на потенцијалните ризици.

## 7. ЗАВРШЕН ДЕЛ

Оваа Политика стапува во сила од денот на нејзиното усвојување од страна на директорот.

**Место и датум:**
Скопје,03.11.2023 година

**Директор,**
Марија Бошковска – Јанковски

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT SHKUP